GS1 Глобален деловен јазик
Македонија

# GS1 е-Инфо

N° 1 – 3 Април 2013




СОДРЖИНА:

**40 годишнина** 2

**Нови услуги** 3

- Софтвер за генерирање на GS1-128 и логистичка етикета
- GS1 Верификација на бар кодовите
- Проверка на акредитација
- Електронско аплицирање

**Новости** 6

Новиот 1WorldSync каталог

**Теми на бројот** 8

- Електронска размена на податоците - Што, како и зошто?

## Добредојдовте во првото издание на е-Инфо на GS1 Македонија

Во желба да ви ја доближиме тематиката на GS1 стандардите и олесниме пристапот до актуелните содржини и интересни информации, одлучивме да започнеме со издавање на наше електронско списание ИНФО. На овој начин ќе бидеме во можност секој месец да ги дополниме и збогатиме Вашите знаења со најнови текстови кои ги следат активностите на експертите во рамките на GS1 Global Office и развојните тимови задолжени за следење на темите ширум светот.

Покрај написите поврзани со основните теми на GS1 системот на стандарди, ќе Ви понудиме и постојани рубрики кои се однесуваат на курсеви за електронско учење, достигнувања на нашите компании, занимливости од опкружувањето и уште многу содржини кои ќе го привлечат Вашето внимание и љубопитност.

Електронското издание на ИНФО списанието ќе ја известува пошироката деловна јавност и за начинот за зачленување во GS1 Македонија и за погодностите кои им ги нудиме на организациите членки. Исто така ќе објавуваме имиња на компаниите-нови членки, со компаниските префикси и имињата на компаниите кои престанале со деловните активности, а со самото тоа и со членство во GS1 Македонија.

Со овој информатор, се надеваме дека ќе Ви помогнеме подобро да ја разберете GS1 организацијата и нејзините активности.

На пример, дали знаете дека GS1 организацијата оваа година слави 40 години од нејзиното формирање? Или дека има 111 членки ширум светот? Дали знаете дека повеќе од милион компании, мултинационални и локални, ги користат нашите стандарди за своите бизнис потреби во повеќе од 150 земји? Дали знаете дека GS1 стандардите се користат во повеќе сектори вклучувајќи ги здравството, транспорт и логистика, хемиска индустрија, индустријата за високо технолошки производи, синџирот на набавка во трговијата, производството и малопродажбата...?

GS1 Стандардите обезбедуваат основа која дозволува продуктите, сервисите и информациите за нив да се движат поефикасно и побезбедно, за доброто и благодетот на бизнисот за подобрување на животот на луѓето, секој ден, секаде.

Ве очекуваме на страниците на GS1 Македонија Инфо списанието, како наш скромен придонес кон намалување на бројот на печатени страници и зачувување на животната средина.



**Слаѓана Милутиновиќ,**
Извршен директор

## 40 годишнина

**Во 2013 година се одбележува 40 годишнина од формирањето на GS1.** Она што започна како начин да се забрза внесот на местото на продажба во продавниците денес премина во глобален јазик на бизнисот - заеднички начин на трговските партнери насекаде во светот за идентификација, примање и споделување на информации за производи, локации, итн.

Во изминатите 40 години, беа направени исклучителни иновации кои се прифатени од индустриите. Со новите технологии, новите употреби и новите индустрии, влијанието на GS1 системот постојано еволуира и е водено од постојаната соработка со лидерите во индустриите кои работат заедно за да креираат подобри начини за водење бизнис.

GS1 системот на стандарди е најраспространетиот систем за стандарди во дистрибутивниот синџир, кој што го користат над 2 милиони компании кои водат бизнис низ 150 земји во разни сектори и индустрии.

Приказната за формирањето на GS1 меѓународната организација за глобални стандарди започнува на **3 април 1973 година**, кога лидерите во прехранбената индустрија заеднички го избраа линеарниот бар код како нивен индустриски стандард за идентификација на производите - денес познат како GS1 бар код.

**На 26 јуни 1974 година, во 08:01, бил скениран првиот GS1 бар код во Троја, Охајо, САД на пакување од 10 гуми за џвакање од Wrigley's Juicy Fruit**.




Тоа водеше до формирање на организацијата UCC (Uniform Code Council) во 1974 година, која беше одговорна за издавање на Universal Product Code (UPC) бар кодовите во САД. Три години подоцна, 12 европски национални членки ја формираа European Article Numbering Association (EAN) во Белгија. Овие организации се обединија во 2005 година и ја формираа GS1.



Денес, GS1 е меѓународна, неутрална, непрофитна организација со седиште во Брисел, Белгија, со повеќе од 111 членки организации низ светот, кои им помагаат на разните индустрии да ја зголемат ефикасноста, безбедноста, растот преку прифаќање и користење на стандардите. Од трговија на мало до здравство, од индустрија за свежа храна и прехранбена индустрија до транспорт и логистика, GS1 стандардите постојано го трансформираат начинот на живот.

Повеќе информации за 40 годишнината на GS1 организацијата може да добиете на 40 годишнина на GS1.



# Нови услуги

## Софтвер за генерирање на GS1 логистичка етикета и GS1 - 128 бар код

Како одговор на големиот број барања од нашите членки за означувањето и етикетирањето на хиерархиските пакувања при извоз во странство - *правилно генерирање на GS1-128 баркодови за означување на транспортни кутии и GS1 логистички етикети за означување на палети*, GS1 Македонија излегува во пресрет на овие барања, со развивање на софтвер со кој ќе се олесни имплементацијата на новите стандарди во Вашата компанија.

Софтверот е наменет за извозно ориентирани компании, особено мали и средни претпријатија, кои немаат интегриран информационен систем имплементиран во самиот процес на производство.

**Прв услов кој што треба да го исполните е Вашата компанија да биде членка на GS1 Македонија.**

Процедурата на пријавување на Вашата компанија, членка на GS1 Македонија, за користење на новите услуги започнува со пополнување на ***GS1 Формулар - 04*** во кој го правите Вашиот избор за користење на еден од пакетите и истиот ни го доставувате на email, факс или лично. Доколку доставите правилно пополнета апликација, добивате username и password за користење на соодветната услуга за која сте аплицирале.

Услугите се поделени во два пакети:



- **Основен пакет**, во кој е содржана изработката на GS1 - 128 баркодови, кои потоа можете да ги интегрирате во Вашата етикета на транспортна кутија. Креирањето на GS1-128 бар кодовите е едноставно преку селекција на апликационите идентификатори за податоците кои треба да се содржат за производот (GTIN, број на производи во кутија, датум на употреба, итн.) и вредностите кои соодветствуваат за производот. Етикетите се печатат по 8 (4x2) на еден А4 лист доколку се генерира дво реден GS1-128 бар код или 14 ( 7 x 2) доколку се генерира едно реден бар код. Печатењето може да се изврши директно по генерирањето.







**Цената на овој пакет е 7.000 ден. на годишно ниво, без вклучен 18% ДДВ.**

- **Премиум пакет,** кој вклучува изработка на GS1 -128 баркодови за означување на транспортни кутии и најзначајно изработка на GS1 логистичка етикета (хомогена или хетерогена) за означување на палети и нивно директно печатење. Правилно означување на транспортните кутии и палети по GS1 стандарди е пасош за извоз на компаниите. Изработката на логистичката етикета е во неколку чекори, низ кои поминува корисникот и при секој чекор му се презентираат различни опции за податоците кои сака да ги содржи логистичката етикета. По завршувањето на внесот на податоците за логистичката етикета, истата се генерира во А5 формат и може директно да се печати.












**Цената на овој пакет е 12.000 ден. на годишно ниво, без вклучен 18% ДДВ.**

## Верификација на GS1 бар кодовите

Во светот денес се скенираат преку 6 милијарди бар кодови. Над 1 милион компании низ светот ги користат GS1 стандардите во нивното спроведување на бизнис и задоволување на корисничките очекувања. Ова значи дека доколку бар кодовите не можат да бидат соодветно декодирани, тоа ќе ја чини компанијата **време и пари**. Денес, точно генерираните GS1 бар кодови се највиталниот дел од дистрибутивниот синџир, бидејќи со нивно скенирање се пренесуваат брзи и точни информации.



За крајниот корисник правилно изработениот бар код е дополнителна потврда дека производите кои ги купуваат, а се означени со GS1 бар кодови и ги почитуваат GS1 стандардите се правилно означени и безбедни за користење. Правилното означување со GS1 стандарди е единствениот начин да се подобри читливоста, точноста, ефикасноста, видливоста и следливоста во дистрибутивниот синџир.



Со верификацијата на бар кодовите се потврдува дали Вашиот GS1 бар код е коректно креиран и испечатен, со цел секој скенер да може да го прочита веднаш при првичното скенирање.

Ако бар кодот не може да се скенира, се зголемува бројот на грешки во податоците и временските доцнења во дистрибутивниот синџир. Верификацијата е значајна алатка за контрола на квалитетот, која обезбедува бар кодовите да бидат брзо и точно скенирани во било која точка од дистрибутивниот синџир.

Верификацијата вклучува постојано и континуирано мерење на параметрите на бар кодовите според ISO и GS1 спецификации. Овие мерења потоа се споредуваат со очекуваните резултати од перформансите при скенирањето на бар кодот во опсегот на различни услови и се генерира извештај за верификацијата врз основа на оваа анализа, преку кој се идентификуваат сите несогласувања - потенцијални грешки во генерираниот бар кодот.

Врз основа на големината на отворот и брановата должина на светлината со која се скенира бар кодот се дефинираат 4 оценки за успешност на бар кодот (**A,B,C,D**) или истите можат да се изразат преку броеви (**4,3,2,1**) за да се овозможи попрецизно мерење кога како резултат од тестот се добиваат децимални броеви. Воедно постои и оценка за неуспешност на бар кодот (**F=0**).




*Потврда за точноста на бар кодот*

**На сите акредитирани членки, GS1 Македонија од 2013 година им нуди нова услуга - верификација на своите GS1 бар кодови**. Со користењето на два нови верификатори Axicon 7015 и 12000, се овозможува проверка на еднодимензионалните бар кодови (EAN13, EAN8, GS1 – 128, ITF-14) и дводимензионалните бар кодови (Data Matrix, GS1 Databar, QR кодови, PDF и микро PDF кодови). Добиениот официјален извештај за точноста и валидноста на бар кодовите е светски признаен документ, кој што е задолжителен при извоз во голем број западно-европски земји, САД и Австралија.

Заинтересираните членки можат да ги контактираат овластените лица во GS1 Македонија за да се запознаат поопширно за бенефитите од верификување на своите бар кодови или може да добијат повеќе информации на веб сајтот на GS1 Македонија - GS1 верификација на бар кодови.

**Ценовникот за оваа услуга е објавен на Ценовник за верификација на GS1 бар кодови.**

## Проверка на акредитација

Компаниите добиваат акредитација на годишно ниво, при што се обврзуваат дека ќе ги почитуваат условите кои им биле наложени при нивното зачленување. Акредитацијата се врши на основа на доделен капацитет на баркодови, па една компанија може да има повеќе акредитации до различни датуми. Моментално е овозможено пребарување на акредитираните членки по нивното име (**Акредитирани членки**), а во склоп на глобалната организација со користењето на GEPIR, кое ќе биде една од темите на наредниот еИнформатор, се овозможува пребарување по име, баркод, SSCC и локација на сите регистрирани баркодови во светот. На овој начин секоја наша членка добива можност да биде препознатлива во секоја земја во светот.



## Електронско аплицирање

Со цел да се следат модерните трендови на електронско работење, во рамките на GS1 Македонија се воведе електронски начин на изготвување на документи, електронска канцелариска работа и она што е најзначајно за нашите корисници – електронско аплицирање.

На **Аплицирајте електронски** можете да го пополните електронскиот анкетен формулар, по што добивате два документи кои ги печатите и со соодветен потпис и печат ги доставувате до нашата канцеларија. При тоа, со самото регистрирање ние ги добиваме Вашите податоци и веднаш ќе Ве контактираме за појаснување на целата постапка.




*Електронски анкетен формулар*




*Успешна пријава*

## Новиот 1WorldSync каталог

На 5 септември 2012 година GS1 САД и GS1 Германија, двете најголеми организации членки во GS1 системот потпишаа договор за заедничка соработка со комбинирањето на 1SYNC и SA2 Worldsync каталозите, во заеднички каталог наречен 1WorldSync. CEO на GS1 Германија - Jörg Pretzel и CEO на GS1 САД – Bob Carpenter, дадоа заедничка изјава: "Сопственицитe на брендовите и другите бизниси ќе добијат бенефити од оваа соработка, преку која се превзема улогата на водач во развојот и имплементацијата на решенијата за градење на подобро информиран свет. Споделувањето на информациите надвор од традиционалниот бизнис-со-бизнис модел игра важна улога за бизнисите и 1WorldSync е предводник во таа област."

Главниот извршен директор на 1WorldSync, Nihat Arkan, изјавил: "Ова е многу важно спојување на два таленти: 1WorldSync ги комбинира јачината на 1SYNC низ повеќе индустрии со глобалната прошириност и стратешко партнерство на SA2 WorldSync. 1WorldSync ја забрзува нашата визија за конзистентни, автентицирани податоци за производите со висок квалитет за успешно остварување на очекувањата на индустриите и потрошувачите."

Во иднина и нашите членки ќе имаат можност да станат дел од глобалното семејство на компании кои се вклучени во 1WorldSync.

### Што е 1WorldSync?

- **1WorldSync** е лидер во менаџирањето на глобални податоци за производите и решенијата за податочни базени сертифицирани **од GS1 GDSN (GS1 Global Data Standardization Network)**.
- Понудените решенија и услуги му дозволуваат на компаниите да споделуваат податоци на производите, на кои може да им се верува, меѓу компаниите и со потрошувачите.
- **1WorldSync** е заеднички проект на **GS1 Германија** и **GS1 САД**
- Има повеќе од **15.000 потрошувачи** во **преку 40 земји**
- Каталог формиран со спојување на двата најголеми каталози во Европа **SA2 WorldSync и САД 1SYNC**.

## 10 милионити производ

На 10 септември 2012 година, GS1 објави дека во GS1 глобалниот регистар достигна 10 милиони производи. Кога GS1 ја започнал глобалната мрежа за сихронизирани податоци (GDSN) во октомври 2004, регистрирани биле само 74.000 производи, чии податоци биле споделени меѓу трговските партнери во 13 земји.

Денес 25.000 компании учествуваат во издигнувањето на GDSN во "камен темелник" на дистрибутивните синџири во повеќе од 150 земји во различни индустриски сектори.

GS1 глобалниот регистар е "yellow pages" именик, кој што му дозволува на компаниите да ги лоцираат критичните информации за набавувачите и купувачите и да ги заменуваат стандардизираните податоци меѓу трговските партнери секаде во светот.

GS1 глобалниот регистар е клучна алатка во рамките на GS1 GDSN, која нуди моќна околина за сигурна и постојана синхронизација на точните податоци за производите во интернационалниот дистрибутивен синџир.

*“Бројката од 10 милиони производи укажува на постојано прифаќање на GS1 стандардите за GDSN и квалитет на податоците од компаниите низ целиот свет. Трговските партнери ги препознаа бенефитите од прифаќањето на GS1 стандардите за нивните бизнис процеси; GDSN е одличен пример за тоа.”*

*Милан Турк, Директор за менаџмент, Procter & Gamble Global Operations*

GDSN им дозволува на набавувачите и потрошувачите да знаат дека тие работат со точни и навремено ажурирани податоци во било која точка од дистрибутивниот синџир. Оваа можност ги олеснува и забрзува бизнис процесите, ја подобрува точноста во процесирањето на нарачките, го намалува бројот на формулари кои мора рачно да се пополнуваат, ја намалува редудантноста во системите и процесите, и најважно ги намалува трошоците.

## Теми на бројот

### Електронска размена на податоците - Што, како и зошто?

Вашата компанија постојано врши нарачки, достави и наплати – процес познат како “од нарачка до кеш”. Во Република Македонија најголем број од компаниите сеуште испраќаат нарачка, испратница и ги процесираат овие хартиени документи и наплатата рачно, што влијае на зголемување на доцнењето и грешките.

GS1 организацијата нуди неутрални глобални стандарди врз основа на кои може да се гради процесот “од нарачка до кеш”, со што се елиминираат грешките и значително се забрзува комуникацијата помеѓу трговските партнери. Тоа е познато како Електронска размена на податоците (EDI). Наместо да се работи рачно или со сопствени неинтегрирани системи, со користењето на GS1 eCom стандардот за EDI се овозможува ефикасна и точна електронска размена на бизнис податоците меѓу трговските партнери.

> Не го прекинувајте синџирот на податоци! Дистрибутивниот синџир без хартиена документација нуди дополнителни бенефити ако податоците во него се поврзани со податоците претходно кодирани во GS1 бар кодот на ниво на основно пакување или на ниво на кутија или палета.

Како резултат се зголемува брзината и точноста низ целиот дистрибутивен синџир со многу мали трошоци. GS1 ги советува компаниите да започнат со работа со електронска документација и никогаш да не се прекинува синџирот на податоците. При употребата на EDI, најмногу бенефити од користењето на GS1 стандардите може да се добијат доколку податоците се поврзат со оние кои претходно биле кодирани во GS1 бар кодовите или на ниво на основно пакување или на ниво на кутија или палета.

Компјутерските апликации можат да ги поврзат податоците скенирани од пакувањето на производот директно со информациите добиени од електрон-ските пораки. Ова значи дека наместо да се прекинува синџирот на податоците, компа-ниите кои ги користат GS1 стандардите мо-жат да обезбедат авто-матизација на про-цесот “од нарачка до кеш” и да ги искори-стат податоците кои се поврзани со производите.

Што чекате? Искористете ја оваа конкурентска предност и имплементирајте го EDI во вашата компанија. Започнете со разгледување на GS1 eCom стандардите уште денес. За повеќе информации контактирајте ги овластените лица од GS1 Македонија или посетете ја [Означен стартот на EDI по GS1 стандарди во Р. Македонија](#).

• • •

**Вклучете се во ЕДИ подигнете го Вашиот бизнис на едно ново ниво.**

• • •

## Дали компанијата може да ги елиминира хартиените документи од дистрибутивниот синџир?

### Напредување кон целосен електронски процес “од нарачка до кеш” во L’Oreal во Франција

Бидејќи ова прашање е често едно од првите за кои се интересираат компаниите пред почетокот на имплементацијата на EDI во нивното деловно работење, решивме да дадеме еден реален пример за прифаќањето на eCom стандардот од страна на интернационалниот лидер во козметика и производи за нега, L’Oreal.

Во 1993 година, L’Oreal Франција започнал прв да ги користи GS1 eCom бизнис пораките за нарачка (ORDER), рачно процесирање на нарачките. Во 1998 година, започнал да користи уште две стандардизирани бизнис пораки – електронска испратница (DESADV) и електронска фактура (INVOIC). Денес трговците на L’Oreal автоматски пренесуваат податоци за залихата на производите со користење на стандардни пораки за статус на инвентарот (INVRPT), кој што се пресметува преку алатка за надополнување на залихите.

> L’Oréal открил дека со отстранување на хартиените документи се заштедува време и пари и значително се зголемува соработката и транспарентноста низ дистрибутивниот синџир.

L’Oreal исто така разменува матични податоци за производите со користење на GS1 Глобалната мрежа за синхронизација на податоците (GDSN).

Иако за време на развојот постоеле одредени пречки, сепак резултатите се позитивни. Компанијата заштедила време, ги намалила трошоците, ги отстранила доцнењата и грешките што биле предизвикани од доцнењата на поштата, повторно пополнување на истите податоци и физичко архивирање. Нивниот целосен логистички процес е подобрен, со многу малку продавници и складилишта со недостаток на залихи и подобрено следење на текот на робата и оптимизирана испорака.

Елиминирање на хартиените документи исто така придонесува и за еколошкиот развој. Денес, 87% од продажбите на L’Oreal во Франција се вршат преку електронски нарачки, 78% од продажбите се проследени со електронска испратница и 47% се проследени со електронска фактура.



L’ORÉAL

L’Oreal продолжува континуирано на овој пат на развој и ќе се обиде да ја отстрани целосно хартиената документација од процесот “од нарачка до кеш”, со што ќе се зголеми продуктивноста на единиците, ќе се овозможи подобар одговор на барањата на клиентите и ќе се осигура квалитет.

## ДОКАЖАНИ БЕНЕФИТИ ОД EDI

**£650 милијарди** заштеда за трговците на мало

Извор: GS1 UK EDI Cost Savings Report, сеп. 2010

**€14 до €18** помали трошоци по трансакција

Извор: GS1 Франција

**700 тони** помалку потрошена хартија

Извор: GS1 Франција

**€25 до €65** заштеда на документација за еден процес на нарачка/наплата

Извор: Politecnico of Milan, во соработка со GS1 Италија

**€12 до €16** помали трошоци по трансакција

Извор: GS1 Германија, Податоци од PROZEUS проектот

**€55-65 милиони** заштеда годишно

Извор: GS1 Шведска

**€181 милиони** заштеда за трговците на мало

Извор: GS1 Шпанија

**10.000** спасени дрва

Извор: GS1 Шпанија

Намалување на бројот на програми за задоволување на барањата на индивидуални трговци за **80%**

Извор : "EDI standard implementation effect", прашалник направен во соработка со GS1Јапонија

ROI (Враќање на инвестицијата) за ASN е проценето на **$5** кога се користи за единечна потврда до **$50** кога се користи за автоматско примање на податоци и видливост.

Извор : ec-BP - Electronic Commerce Best Practices – Scott Koegler. ASN - Најзначајните EDI документи

Намалено времето на достава за **61 час**

Извор: Global Scorecard прашалникот направен од страна на The Consumer Goods Forum заедно со IBM

**5% помалку** ситуации на недостаток на залихи

Извор: Global Scorecard прашалникот направен од страна на The Consumer Goods Forum заедно со IBM